НАСТАВНА ПРОГРАМА

**СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

# ГИ ОТКРИВАМЕ ГЕРМАНСКИОТ СВЕТ И КУЛТУРА – ЗАБАВНО И ЛЕСНО

за V одделение

Скопје, 2025

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| Слободен изборен предмет | Ги откриваме германскиот свет и култура - забавно и лесно |
| Категорија на слободниот изборен предмет | Слободен изборен предмет |
| Одделение | V (петто) |
| Теми/подрачја во наставната програма | 1. Да го слушнеме германскиот јазик<br>2. Моето семејство и јас<br>3. Како се слави во Германија? |
| Број на часови | 2 часа неделно/ 36 часа во текот на едно полугодие |
| Опрема и средства | ● компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD-плеер, интерактивна табла<br>● фотографии, постери, слики, предмети, флеш-карти, стикери, материјал за изработка на роденденски честитки/а, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери<br>● учебник, прирачници, речници, списанија (во печатена и/или електронска форма) |
| Норматив на наставен кадар | - завршени студии по германски јазик и книжевност - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по македонски и германски јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени студии по германски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA  според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик на друга студиска програма во комбинација со друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA  според МРК и 240 ЕКТС;<br>- одделенски наставник со потврда од акредитирана установа за познавање на германскиот јазик, ниво А2 според Заедничката европската референтна рамка на јазиците. |

ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| II-А.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-А.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности; |
| II-А.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика; |
| II-А.18 | да користи низа од фрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интересите и секојдневните активности; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комунакација со припадници на |
| | различни културни/јазични групи; |
| II-Б.2 | со познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини; |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Дигитална писменост** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Личен и социјален развој** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата, |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин, |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн), |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Техника, технологија и претприемништво** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* | |
| VII-A.3 | да објасни како напредните технички и технолошки системи/продукти го подобруваат секојдневниот живот на луѓето. |
| *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* | |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Уметничко изразување и култура** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |

| | |
|---|---|
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

| **Тема 1.Да го слушнеме германскиот јазик (6 часа)** | |
|---|---|
| Знаења/вештини: | |
| • Покажува интерес и љубопитност за германскиот јазик и култура.<br>• Ги препознава и разбира интернационализмите кои се користат во германскиот и мајчиниот јазик.<br>• Препознава и именува неколку зборови од секојдневието со потекло од германскиот јазик.<br>• Учествува во игри, песни и активности кои вклучуваат броеви, бои и основни поими на германски јазик.<br>• Покажува разбирање за сличностите и разликите меѓу германската и македонската култура преку пример (песни, јадења, празници и сл.). | |
| Ставови/вредности: | |
| • Покажува интерес за нова култура и различни начини на живот.<br>• Го прифаќа германскиот јазик како дел од една поширока, разнолика светска заедница.<br>• Преку изучувањето на други јазици се развива почитување на другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции<br>• Почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна другите. | |
| Содржини (поими) и број на часови: | Примери на активности: |
| Зборови кои се користат во повеќе јазици - интернационализми<br><br>(2 часа) | - Учениците добиваат слики со поими ( Auto, Computer, Banane, Hotel, Kino, Tomate, Gitarre, Konzert). Нивна задача е да научат правилно да ги именуваат и изговараат зборовите.<br>- Учениците играат меморија со слики и поими.<br>- Квиз за погодување на германски зборови преку слики. |
| Изговор<br><br>(2 часа) | - Учениците низ игра го вежбаат првенствено изговорот на зборови кои претставуваат интернационализми, а потоа и на германски зборови, со цел да се сензибилизираат за германскиот јазик.<br>- Игра во парови – Едниот ученик изговара збор, а другиот ученик го погодува значењето на зборот. |

| | |
|---|---|
| | - Игра- Бесилка |
| Броеви<br><br>(2 часа) | - Учениците ја слушаат песната https://www.youtube.com/watch?v=fgJKxPLTno4&ab_channel=SingandLearn и ги откриваат броевите до 20. Најпрво ја слушаат, а потоа заедно ја пеат.<br>- Игра-Бинго – Наставникот кажува број на германски ( на пр. Eins). Учениците кои го имаат бројот го заокружуваат, првиот што ќе има три точни во една колона или редица извикува "Bingo".<br><br>- Игра – лов на броеви - Наставникот става картички со цифра од 1-20 на различни делови од училницата. Секој ученик влече картичка и треба да го изговори на германски бројот кој го извлекол. Може да се игра и во парови. |

## Тема 2. Моето семејство и јас (16 часа)

Знаења/вештини:

- Ги именува членовите на потесното семејство.
- Може да го претстави своето семејство преку зборување или цртеж.
- Ги препознава и именува деновите во неделата и деловите од денот и знае да ги поврзе со секојдневни активности.
- Ги препознава и поврзува основните бои со предмети од околината.
- Учествува во игри, песни и активности кои вклучуваат храна , пијалоци и училиштен прибор.
- Покажува основни дигитални вештини преку употреба на интерактивни алатки (LearningApps, Quizlet).
- Слуша и пее едноставни песни на германски и препознава зборови од нив.

Ставови/вредности:

- Смета дека секој ученик има право да се претстави и изрази на свој начин.
- Покажува почит кон имињата, семејствата и културното потекло на другите ученици.
- Разбира дека јазикот може да биде алатка за поврзување со други култури и за градење пријателства.
- Согледува дека без меѓусебна поддршка, соработка, доверба и почитување нема другарство и пријателство.
- Препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и се спротивставува на дискриминација.

| Содржини (поими) и број на часови: | Примери на активности: |
|---|---|
| Поздрави и отпоздравување<br>(Hallo/ Guten Tag / Tschüs/ Auf Wiedersehen...)<br><br>(2 часа) | - се обидуваат да ги поврзат дадените поздрави со соодветната слика искористувајќи ги предзнаењата од првиот странски јазик. (**LearninigApps / Quizlet**)<br>- слушаат дијалози преку кои ќе донесат самите заклучок кои поздрави се формални, а кои неформални, при што наставникот им ги потенцира поздравите карактеристични за одредени германски покраини / германски говорни поравја: *Grüß Gott /Grüß dich / Servus / Grüezi....* |
| Претставување себеси<br>(Hallo, ich bin…/ ich heiße... / Mein Name ist... )<br><br>(1 час)<br>Претставување соученик<br>(Hallo, das ist…. )<br><br>(1 час) | - играат „**Kettenspiel**“ или „**Klassenspaziergang**“, при што секој ученик има задача да го поздрави својот соговорник и да праша како се вика:<br>***A: Hallo. Wer bist du? / Wie heißt du?***<br>***B: Hi. Ich heiße/bin ..... Und du?***<br>-Учениците играат игра со мала топка, меѓусебно си ја подаваат топката и се прашуваат *Wie heißt du? / Wie ist dein Name?* Кој ќе ја фати топката се претставува и потоа ја подава топката на друг ученик поставувајќи го истото прашање. Играта трае сè додека не се претстават сите ученици во одделението.<br>-Учениците застануваат во два круга: внатрешен и надворешен круг. Едниот круг се движи налево, другиот надесно, секој ученик треба да го поздрави соученикот-партнер и да се претстави. |
| Моето Семејство<br>(Mutter, Vater, Schwester, Bruder...)<br><br>( 3 часа) | - Учениците слушаат песничка со членовите од семејството, а потоа заедно ја пеат.<br>- Учениците во групи изработуваат колаж со членови на потесното семејство, користејќи притоа фотографии и слики од списанија или рекламен материјал.<br>- Stammbaum – секој ученик црта семејно стебло и ги претставува членовите на своето семејство.<br>- Steckbrief – Секој ученик прави сопствено кратко претставување со име презиме, години, претставување на членови од семејството и црта слика од себе и членовите од семејството. |
| Појадок<br>(Müsli, Ei, Brot, Tee, Saft…)<br>(1 час) | - Quizlet Flashcards или интерактивна слика како во примерот: Frühstück - die wichtigste Mahlzeit \| Genially при што наставникот на проектор им ги покажува на учениците зборовите од темата Појадок.<br>- Со интерактивно видео ги вежбаат новите зборчиња Frühstück - Labelled diagram https://deutsch-lernen.zum.de/wiki/Fr%C3%BChst%C3%BCck_(A1)_(Interaktives_Video)<br>- Hängemännchen (Бесилка) spielen: еден ученик излегува на табла, замислува едно зборче и другите ученици погодуваат.<br>-Меморија со новите зборчиња. |

| | |
|---|---|
| Денови и делови од денот<br>(Montag, Dienstag, Mittwoch... Morgen, Abend, Nacht ...)<br>(2 часа)<br><br>Мојот Појадок<br>( 2 часа) | - Учениците добиваат картички со денови, со помош на песната ги подредуваат во точен редослед и гласно ги читаат.<br>https://www.youtube.com/watch?v=A7JPo9baLnQ&ab_channel=KinderliederzumLernen<br><br>- Tagebuch – Дневник за појадок – учениците претставуваат преку слики секој ден што појадувале и на крај споделуваат со одделението.<br>- Учениците прават проект / видео на тема - Мојот Појадок. |
| Бои (1 час)<br>(rot, grün, blau, rosa, lila, schwarz....) | - Учениците ја слушаат песната, а потоа заедно ја пеат<br>https://www.youtube.com/watch?v=AxF0Per8uds&ab_channel=Lernmitmir-ABC123<br>- Учениците поврзуваат боја со зборот на германски за соодветната боја<br>- Игра- Наставникот кажува боја на германски, а учениците треба да најдат предмет со истата боја. |
| Училишни предмети<br>(Deutsch, Englisch, Mathe, Sport, Musik...)<br>(1 час)<br><br>Распоред на часови<br>(1 час)<br><br>Училиштен прибор (Bleistift, Kuli, Spitzer, Sportsachen...)<br>( 1 часа) | - На работен лист со слики се прикажани наставните предмети и со зборови се понудени називите на наставните предмети. Учениците треба да ги поврзат наставните предмети од сликите со називите.<br>- Добиваат постер или Learning set изработен во Quizlet или Genially (пр. Schulsachen \| Genially) и на тој начин се запознаваат со најважниот вокабулар од тема „училиштен прибор“.<br>- Играат меморија или поврзуваат збор со слика во дигитална вежба.<br>- Учениците играат игра на препознавање: во една торба секој ученик става по еден предмет од училишниот прибор и потоа само со допир без да го види предметот го кажува на германски.<br>- Учениците ги именуваат предметите и во која боја се. |

## Тема 3. Како се слави во Германија (14 часа)

Знаења/вештини:

- Ги открива симболите на Германија , Австрија и Швајцарија и знаменитостите на германскојазичните земји.
- Ги открива основните информации за Германија, Швајцарија и Австрија (местоположба, главен град, симболи, знаменитости, познати личности).

| |
|---|
| • Ги препознава бајките на Браќата Грим со помош на слики, мимики и кратки реченици.<br>• Работи во група на проект (постер), прикажувајќи информации за одредена германскојазична земја. |

| Ставови/вредности: |
|---|
| • Прифаќа дека не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, итн.).<br>• Прифаќа дека постоењето разлики помеѓу луѓето е позитивна придобивка.<br>• Покажува отвореност и подготвеност да слуша и споделува нови искуства поврзани со друг јазик и култура. |

| Содржини (поими) и број на часови: | Примери на активности: |
|---|---|
| Месеци и годишни времиња (Januar, Februar, März, April,Mai, Juni, Juli, August, September, Oktober, November, Dezember, Frühling, Sommer, Herbst, Winter)<br>(2 часа)<br><br><br><br><br>Мојот роденден<br>(Mein Geburtstag ist **im Juni/Sommer.**)<br>(1 час) | Учениците преку песна ги учат имињата на месеците, најпрво ја слушаат а потоа заедно ја пеат песничката https://www.youtube.com/watch?v=WJ0uJo5kJ04&ab_channel=RolfZuckowski-Musikf%C3%BCrDich<br><br>Учениците добиваат картички со месеци и годишни времиња, во групи подредуваат кои месеци спаѓаат во кое годишно време.<br>Потоа прават постер со сите месеци и додаваат слики или цртежи.<br>Пантомима со годишните времиња – Еден ученик прави активност карактеристична за годишно време (на пример – зима- скијање / лето – пливање ...) , а другите ученици откриваат ( Das ist der Sommer…)<br><br>Прават календар со родендени и гласно читаат кога имаат роденден (Ich habe im Juli Geburtstag…)<br>Ја слушаат песничката за роденден и потоа заедно ја пеат https://www.youtube.com/watch?v=fNUAqFRIMaE&ab_channel=KinderliederzumMitsingenundBewegen |
| Патување низ празници (Ostern, Weihnachten, Fasching, Oktoberfest)<br>(2 часа) | Наставникот прави 4 станици за секој празник, со цел учениците да се запознаат со најважните обележја на празникот. На пример: Станица 1 - Weihnachten - Картички со слики и зборчиња (Weihnachtsbaum, Geschenk, Stern, Nikolaus...) и поздравот „Frohe Weihnachten!“. Активност - брзо бинго со божиќни симболи или боење. Станица 2: Ostern - Картички со слики и зборчиња (Ei, Hase, Nest, Blume...) и поздравот „Frohe Ostern!“. Активност – украсување велигденски јајца. Станица 3 – Fasching - Картички со слики и зборчиња (Clown, Maske, Konfetti...) и поздравот „Alaaf!“. Активност – Маска од хартија. Станица |

| | |
|---|---|
| | 4 – Oktoberfest - Картички со слики и зборчиња (Brezel, Musik, Tracht, Apfelsaft...) и поздравот „Prost!“. Активност – поврзување на слика со збор. |
| Ја откриваме Германија<br>(1 час) | Примери за активност со употреба на интерактивни презентации (пр. : ENGLISCH IST EIN MUSS, DEUTSCH IST IMMER EIN PLUS!!! \| Genially), низ кои учениците се сензибилизраат со поими што ги поврзуваат за Германија.<br><br>Ги учат најважните информации за Германија ( местоположба, главен град, соседни земји, поголеми градови, покраини, личности). (Пр. Daten und Fakten über Deutschland!!! MKD \| Genially)<br><br>Учениците го цртаат и бојат знамето на Германија (црно-црвено-златно)<br><br>Учат знаменитости во Германија, гледаат видео со знаменитостите, кажуваат во кој град се наоѓаат и кажуваат што им се допадна највеќе.<br><br>На крај играат игра – „Точно или неточно?“ Пр.: „Во Германија се зборува германски.“ (точно) „Германското знаме е сино и бело.“ (неточно) |
| Ја откриваме Швајцарија<br>(1 час) | Учениците најпрво кажуваат поими што ги поврзуваат за Швајцарија.<br><br>Ги учат најважните информации за Швајцарија ( местоположба, главен град, соседни земји, поголеми градови, кантони, кои јазици се зборуваат (4 јазици), личности).<br><br>Учениците го цртаат и бојат знамето на Швајцарија (црвено-бело)<br><br>Преку слики ги учат најважните обележја - Алпи, крави, сирење, швајцарско чоколадо, часовник и преку пантомима ги повторуваат. |
| Ја откриваме Австрија<br>(1 час) | Учениците најпрво кажуваат поими што ги поврзуваат за Австрија.<br><br>Ги учат најважните информации за Австрија ( местоположба, главен град, соседни земји, поголеми градови, личности)<br><br>Учениците го цртаат и бојат знамето на Австрија (црвено-бело) или традиционалната облека. |

| | |
|---|---|
| | Преку слики ги учат најважните обележја - Dirndl, Lederhose, Sachertorte, Schönbrunn...<br><br>Слушаат класична музика и учат едноставни чекори за валцер. |
| Квиз за германскојазичните земји<br>(1 час)<br><br>Проект за германскојазичните земји<br>(1 час) | Учениците се делат во групи и одговараат на претходно подготвени прашања за германскојазичните земји.<br><br>Учениците во пар или група прават проект – постер за една од земјите (име, знаме, типична храна, знаменитости...)<br><br>Пример:<br><br>• Германија: Brandenburger Tor, Wurst, „Hallo!“<br>• Австрија: Mozart, Sachertorte<br>• Швајцарија: Käse, Uhr, „Grüezi!“<br><br>На крајот од часот ги презентираат постерите пред другите ученици. |
| Бајките на Браќата Грим<br>(2 часа) | - Наставникот покажува слики од познати ликови од бајки (Schneewittchen , Aschenputtel, Hänsel und Gretel,  Rotkäppchen...) и ги прашува учениците дали им се познати.<br>- Претставување на бајките од Браќата Грим и разговор околу приказните и нивните главни ликови.<br>- Слушање кратка верзија на една бајка. Додека слушаат, учениците ги бојат/ заокружуваат ликовите што ги слушаат во бајката, потоа ја гледаат бајката.<br>- Учениците во мали групи добиваат улоги од една бајка (со сликички, не со текст).<br>Пр.: Einer ist Rotkäppchen, einer der Wolf, einer die Großmutter. Потоа имитираат движења и се претставуваат: „Ich bin der Wolf!“<br>- Учениците во групи/парови измислуваат нов лик, кој може да биде во бајка. Учениците ја покажуваат својата слика и го претставуваат новиот лик : Das ist meine Figur. Sie heißt... |
| Цртани филмови на германски јазик<br>(1 час) | Учениците гледаат цртан филм на германски јазик, а потоа разговараат за главните ликови и приказната. |
| Завршен квиз<br>(1 час) | Учениците се делат во групи и одговараат на претходно подготвени прашања од наставникот.<br>Тимот кој ќе одговори на повеќе прашања е победник или го играат овој квиз на македонски јазик со забавни факти за Германија и земјите од германското говорно подрачје: Quizizz |